**Бр.02-168/1**

Врз основа на член 17 од Статутот на на Здружение за остварување на заеднички интересина банките и унапредување на нивното работење МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА СКОПЈЕ ( во понатамошниот текст МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА) Собранието на МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА на седницата одржана на ден 13.3.2019 донесе

# ПРАВИЛА
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА РЕФЕРЕНТНА КАМАТНА СТАПКА - НРКС

## I. ВОВЕД

Со Правилата за објавување на Национална референтна каматна стапка – НРКС (во понатамошниот текст: Правила) се уредува начинот на објавување на националната референтна каматна стапка – НРКС, во насока на зголемување на транспарентноста на работењето и продолжување на процесот на прифаќање и имплементација на најдобрите банкарски практики.

Целта на овие Правила е да обезбедат унифицирање на условите, начинот и постапката на објавување и примена на Национална референтна каматна стапка – НРКС, како една од опциите за избор на референтна каматна стапка за побарувања и/или обврски во денари.

## II. ДЕФИНИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА РЕФЕРЕНТНА КАМАТНА СТАПКА – НРКС

Како национална референтна каматна стапка се дефинира **каматната стапка на денарски депозити без валутна клаузула (сметководствени состојби),** која ја објавува Народна Банка на Република Македонија (НБРМ) а во чија пресметка согласно методологијата се вклучени денарските депозити без валутна клаузула договорени со домаќинствата и нефинансиските институции, резиденти на Република Македонија и која е објавена на интернет страната на Народна Банка на РМ на секој 25-ти календарски ден од месецот.

## III. ОБЈАВУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА РЕФЕРЕНТНА КАМАТНА СТАПКА - НРКС

Народна банка на Република Македонија на својата веб страна www.nbrm.mk -на почетната страна, секој месец ја објавува **каматната стапка на денарски депозити без валутна клаузула (сметководствени состојби),** согласно Календарот на објавување статистички податоци. Оваа каматна стапка, како опција за избор на референтна каматна стапка, важи од 01-ви следниот месец.
Македонската банкарска асоцијација како НРКС ја утврдува онаа каматна стапка која е објавена на страната на НБРМ на 25-от календарски ден од месецот и истата ја објавува на веб страната www.mba.mk под називот **Национална референтна каматна стапка.**

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Правилата за објавување на Национална референтна каматна стапка стапуваат на сила по нивното донесување од страна на Собранието на МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, а ќе се применуваат од денот на донесување.
Со примената на овие Правила за објавување на Национална референтна каматна стапка престануваат да важат Правилата за објавување на Национална референтна каматна стапка Бр.02-116 од 06.7.2018 година.

**Скопје, 13.3.2019 година**

**Собрание на МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**

**КОСТА МИТРОВСКИ**

МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје

---------------------------------------